# Постапка за поднесување на пријава за часот на отпочнување на работното време и распоредот на работното време и евиденција за работното време на угостителските објекти што работат на подрачјето на Општина Куманово

Согласно Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14), член 25, став 1 "Угостителот е должен часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време да го пријави на градоначалникот на општината, како и на Државниот инспекторат за труд во рок од осум дена пред денот на почетокот на вршењето на угостителската дејност и пред измената на часот и распоредот на работното време на угостителскиот објект."

Согласно Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14), член 25, став 2, "Градоначалникот на општината, води евиденција за работното време на угостителските објекти што работат на подрачјето на нивната надлежност."

Пријавата за часот на отпочнување на работното време и распоредот на работното време се доставува до Одделението за ЛЕР преку архивата на Општина Куманово на образец во два примероци, согласно член 25, став 1 од Законот за угостителска дејност;

Во Архивата се потврдува приемот на поднесокот и се води деловодник за поднесоците.

Пријавата се заведува во интерна доставна книга и се доставува до Раководителот на Секторот кој поштата ја парафира и ја доставува во Раководителот на Одделението за ЛЕР;

Раководителот на Одделението за ЛЕР, ја парафира Пријавата и ја доставува до самостојниот референт надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство ја разгледува Пријавата, ја заверува во Архива и ги заведува податоците од од Пријавата во електронска дата база за работно време на угостителски објекти кои работат на територијата на Општина Куманово.

Еден примерок од Пријавата се доставува до странката, додека еден примерок Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство го документира според дата на поднесување;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, на секои три месеци доставува извод од електронската дата база за работно време на угостителски објекти кои работат на територијата на Општина Куманово до Раководителот на Секторот, Раководителот на Одделението за ЛЕР и Секторот за инспекциски надзор.